ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

INTERCERT system certification
ISO 9001: 2015 CERTIFIED

# ГОДИШЕН ПЛАН

## ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈА
## НА ДРЖАВНИОТ ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА ЗА 2021 ГОДИНА

Скопје, јули 2021 година

# КОРИСТЕНИ КРАТЕНКИ

| | |
|---|---|
| **ISSAI** | Меѓународни стандарди на Врховни ревизорски институции |
| **ВРИ** | Врховни ревизорски институции |
| **ГДР** | Главен државен ревизор |
| **ДЗР** | Државен завод за ревизија |
| **ЗДР** | Закон за државната ревизија |
| **INTOSAI** | Меѓународната организација на врховни ревизорски институции |
| **РСМ** | Република Северна Македонија |
| **ДЈН** | Договор за јавни набавки |
| **ДДЈН** | Доделување на договор за јавни набавки |
| **НССК** | Националната стратегија за спречување корупција и судир на интереси на Република Северна Македонија 2021-2025 |

Врз основа на член 9 став 16 од Законот за државната ревизија („Службен весник на Република Македонија бр. 66/10, 145/10, 12/14, 43/14, 154/15, 192/15, 27/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 122/21), а во врска со точка 25 од Извадок од Нацрт-записникот од Педесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија одржана на 2 март 2021 година и точка 96 од Извадок од Нацрт – записникот од Шеесет и деветтата седница на Владата на Република Северна Македонија одржана на 11 мај 2021 година, главниот државен ревизор донесе:

# ГОДИШЕН ПЛАН ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈА НА ДРЖАВНИОТ ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА ЗА 2021 ГОДИНА

## Вовед

Корупцијата е глобален проблем во целиот свет. Ниту една земја без оглед на тоа колку е демократска, не е имуна на феноменот на корупцијата. Корупцијата се појавува во бројни форми од кои најчесто застапени се следните:

- Злоупотреба на службена должност;
- Поткуп;
- Тргување со влијание;
- Користење на службени добра за лични потреби - Судир на интереси;
- Изнуда;
- Непотизам;
- Кронизам;
- Само-договарање (доделување на договор на сопствена или роднинска фирма).

Овој општествен феномен, или како што уште се нарекува социјална болест на општеството, подеднакво ги напаѓа државните функционери, политичарите, корпорациите, претприемачите, медиумите. Корупцијата го понижува обичниот граѓанин и ја слабее државата правејќи ја институционално слаба, загрозувајќи ги фундаменталните темели на демократското општество и транспарентното

трошење на народните пари за лични користи и интереси на поединци кои се забранети со закон и се спротивни на етичките норми и јавниот морал. Конечно, корупцијата ја осиромашува државата, ги осиромашува граѓаните и со тоа отвора други негативни појави кои понатаму дополнително нанесуваат несогледливи последици по општествено економскиот живот.

Во Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси[1] под корупција се подразбира:

- „злоупотреба на функцијата, јавното овластување, службената должност или положба за остварување на корист, директно или преку посредник, за себе или за друг", а
- „под судир на интереси се подразбира состојба во која службеното лице има приватен интерес што влијае или може да влијае врз непристрасното вршење на неговите јавни овластувања или службени должности".[2]

Во исто време корупцијата може да ја опишеме и со следната општо позната дефиниција:

**К = (М + ДО) – Т**

**Корупција = (монопол + дискрециони овластувања) – транспарентност.**

Интегритетот и корупцијата се две појави кои се спротивни една на друга, односно секое коруптивно дејство подразбира кршење на интегритетот. Интегритет е квалитет на дејствување во согласност со општоприфатените морални вредности и норми во корист на јавниот интерес[3] .

## 1. Улогата на Државен завод за ревизија во спречувањето на корупцијата

Државниот завод за ревизија е државен орган на Република Северна Македонија, има својство на правно лице и е независен во своето работење. Со Државниот завод за ревизија раководи Главен државен ревизор.

Главниот државен ревизор го претставува и застапува Државниот завод за ревизија, обезбедува законито и ефикасно вршење на работите и задачите, раководи и ја организира работата на Државниот завод за ревизија.

Државниот завод за ревизија како Врховна ревизорска институција во Република Северна Македонија има за цел навремено и објективно да го информира Собранието на РСМ, Владата на РСМ, другите носители на јавни функции и јавноста за ревизорските наоди од спроведените ревизии. Државниот завод за ревизија обезбедува поддршка на Собранието на РСМ во исполнувањето на неговите надлежности преку идентификација и презентација на

[1] Закон за спречување на корупција и судир на интереси („Службен весник на РМ" број 12/2019), член 2 став (1);
[2] Закон за спречување на корупција и судир на интереси („Службен весник на РМ" број 12/2019), член 2 став (3);
[3] Закон за спречување на корупција и судир на интереси („Службен весник на РМ" број 12/2019), член 4.

неправилностите, случаите на противзаконско работење и можни случаи на корупција и злоупотреба на функцијата.

Несомнено улогата на Државниот завод за ревизија не треба и не смее да се сфати како репресивна туку напротив како активност која:

- обезбедува корективно постапување кај субјектите предмет на ревизија;
- обезбедува едукативна активност давајќи препораки за надминување на утврдените состојби;
- врши проследување на утврдените состојби преку надлежните органи доставувајќи ги конечните ревизорски извештаи до надлежните органи за оние субјекти каде се утврдени неправилности од материјално значење;
- врши постојано следење на постојната законска регулатива и давање препораки за подобрување на истата, и
- обезбедува висок степен на транспарентност објавувајќи ги конечните ревизорски извештаи, со што се обезбедува од една страна суд на јавноста за менаџментот, а од друга страна влијае едукативно за другите правни субјекти воочувајќи ги најчестите погрешни прикажувања.

Државниот завод за ревизија со погоре наведените активности претставува еден од клучните чинители во Република Северна Македонија за превенирање на коруптивното однесување на правните субјекти од јавниот сектор.

Активностите на Државниот завод за ревизија поврзани со спречување на корупцијата се одвиваат во согласност со овластувањата и обврските утврдени со Законот за државната ревизија, Законот за спречување на корупција и судирот на интереси и друга релевантна законска регулатива.

Државниот завод за ревизија ги има систематизирано ризиците во Стратегијата за управување со ризици 2020-2023 година која што е компатибилна и со Методологијата на проценката на ризиците од корупција и со Националната стратегија за спречување корупција и судир на интереси на Република Северна Македонија 2021-2025 (НССК).

Согласно **Акцискиот план** во НССК во Сектор 5.3. Органи за спроведување на законот, Проблем 6: Одговорните или раководните лица на институциите не ги спроведуваат препораките предложени од внатрешната ревизија и ДЗР, што е поврзано со стратешките цели на Стратегијата и тоа:

- **стратешка цел број 3**. Јакнење на интегритетот и отчетноста во јавниот сектор и
- **стратешка цел број 4**. Спроведување на надлежностите во јавниот сектор на законит, транспарентен, етички, економичен, одговорен и ефективен начин, утврдена е **мерката:**

„Да се воспостави ефикасен систем за известување за не/спроведување на препораките од внатрешната ревизија и ДЗР до повисоките органи за надзор и контрола“ предвидена е **активност** соодветно изменување на Законот за државна ревизија и Законот за јавна внатрешна финансиска контрола во тој дел.

Државниот завод за ревизија активно соработува со сите државни органи во насока на спречување и намалување на корупцијата, во рамки на Протоколот за соработка за превенција и репресија на корупцијата и судирот на интереси и учествува во реализацијата на Националната програма за усвојување на правото на Европската унија (НПАА) преку активностите предвидени во Поглавје 23 Правосудство и фундаментални права, Подрачје – Антикорупциска политика и Поглавје 32 Финансиска контрола, Подрачје – Надворешна ревизија, како и во работата на други органи и тела за спречување на корупцијата.

Државниот завод за ревизија е дел од семејството на другите државни органи кои го сочинуваат „Меѓуресорското тело за координација на активностите против корупцијата“. Ова тело има обврска да ги координира активностите на сите надлежни органи за борба против корупцијата, за јакнење на меѓусебната соработка и заемно известување, за размена на информации и податоци и за реализирање на препораките содржани во извештаите на ГРЕКО на Советот на Европа и други меѓународни организации.

## 1. Планирани мерки во поглед на спречување на корупција на ниво на ДЗР за 2021 година

Со овој Годишен план се определуваат конкретни мерки кои во текот на 2021 година ги презема или треба да ги преземе ДЗР во поглед на спречување на корупција на ниво на самата институција како и активности кои во вршењето на државна ревизија на финансиските извештаи на субјектите на ревизија имаат или може да имаат влијание и врз превенцијата или спречувањето на корупцијата, како резултат на извршувањето на надлежностите на ДЗР. Надлежностите на ДЗР, пред сé, пропишани се со одредбите од Законот за државната ревизија, Законот за јавни набавки, Законот за финансирање на политички партии, Изборниот законик, Закон за буџетите, Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници, Законот за локалната самоуправа и друга релевантна законска рамка, стандардите и стратешките документи на Државниот завод за ревизија.

Во насока на спречување на корупцијата ДЗР презема мерки и активности за:

- Демонстрирање на волја на раководниот менаџмент на ДЗР за спречување корупција и судир на интереси;
- Преиспитување на законската регулатива поврзана со државната ревизија а во врска со спречување на корупција и судир на интереси;

- Демонстрирање етика и интегритет во спречувањето на корупцијата и судирот на интереси;
- Континуирана дигитализација во вршењето на државната ревизија;
- Континуирана отчетност и транспарентност во вршењето државна ревизија и комуникација со медиумите и пошироката јавност;
- Управување со човечки ресурси во правец на едукација и дејствување во превенција и спречување корупција и судир на интереси;
- Почитување на начелата и принципите утврдени во одредбите на Законот за јавните набавки при доделувањето на договорите за јавни набавки;
- Донесување на интерни правила и процедури за поодделните процеси вклучувајќи го и процесот на доделување на договорите за јавни набавки;
- Почитување на начелата утврдени со Законот за буџетите при извршување на финансискиот план (буџет) за ДЗР и известувањето за неговото извршување, и
- Дополнителни контролни механизми за спречување на корупцијата.

## 2.1 Демонстрирање на волја на раководниот менаџмент на ДЗР за спречување корупција и судир на интереси

Оваа мерка ќе се реализира во 2021 година преку извршување на следните активности:

- Реализација на државните ревизии планирани со Годишната програма за работа за ДЗР за 2021 година, во рамки на кои, овластените државни ревизори, во вршењето државна ревизија кај субјектите предмет на ревизија, во континуитет внимаваат по службена должност за состојбите при констатирање неправилност во вршење државна ревизија, ако оценат дека истото може да претставува дејствие на сторен прекршок или кривично дело од областа на спречување корупција и судир на интереси, веднаш да ги известат надлежните органи согласно член 35 од Законот за државната ревизија;
- Во процесот на вршење на ревизија кај учесниците во изборна кампања за време на локалните избори предвидени за месец октомври 2021 година, согласно Изборниот законик, овластените државни ревизори по службена должност ќе внимаваат во случаите кога ќе утврдат неправилности во финансискиот извештај на учесникот во изборната кампања, кои можат да претставуваат дејствие на сторен прекршок или кривично дело, меѓу другите и од

областа на спречување корупција и судир на интереси да пријават до надлежниот јавен обвинител во рок од 30 дена од денот на утврдувањето на неправилностите (согласно член 85 став 7 од Изборниот законик);

- Во процесот на вршење на ревизија на финансиските извештаи согласно Законот за финансирање на политичките партии, овластените државни ревизори по службена должност внимаваат во случаите ако неправилности во годишниот финансиски извештај на политичката партија кои се спротивни на одредбите на овој закон, вклучително и можни дејствија на корупција, поднесуваат барање за поведување на прекршочна постапка или пријава до надлежниот јавен обвинител во рок од 30 дена од денот на утврдувањето на неправилностите (согласно член 27 од Законот за финансирање на политичките партии);

- Мониторинг на извршувањето на поединечни задачи од страна на раководството на ДЗР, согласно надлежностите пропишани со Законот за државна ревизија, Законот за административните службеници, Законот за вработените во јавниот сектор, и други посебни прописи и акти, кои се посредно или непосредно поврзани со спречувањето корупција и судирот на интереси, односно:

    - Дали Годишниот извештај за показателите на успешност на Стратегијата за управување со ризици поднесен од страна на Координаторот за воспоставување на процесот на управување со ризици на ниво на ДЗР е поднесен до Главниот државен ревизор за разгледување, а во кој ќе бидат вклучени и преземените активности од страна на координаторите на ризици по организациони единици во насока да се разгледаат дали се воочени и адресирани состојби на можна корупција, а согласно улогите, овластувањата и одговорностите утврдени во Дел 9 од Стратегијата за управување со ризици на ДЗР од страна на Главен државен ревизор, членовите на стручниот колегиум, помошниците на главниот државен ревизор/ раководители на ревизија/раководители на сектори;

    - Дали е поднесен до Главниот државен ревизор за разгледување Извештај за реализација на Годишната програма за осигурување на квалитет во вршењето државна ревизија за 2021 година;

    - Дали се добиени предлози за ревизии заради сомневања за корупција поднесени од физички или правни лица до ДЗР;

    - Дали се примени и дали се постапува по поднесоци против државни ревизори за евентуална злоупотреба на службена

должност, коруптивно однесување, вклучително и информација за водени постапки за утврдување на одговорност;

- Дали се констатирани состојби на корупција при вршење ревизија кај субјекти на ревизија за кои се известени надлежни органи;

- Реализирани обуки согласно Годишниот план за континуирано професионално усовршување и обуки за 2021 година, особено учество во работни групи, иницијативи, проекти или други тела во земјата и странство во кои биле вклучени теми од областа на спречување корупција и судир на интереси;

- Дали е извршен процесот на годишно ажурирање или измена во воспоставените интерни процедури на ДЗР вклучително и на ИСО процедурите опфатени со Системот за управување со квалитет во ДЗР;

- Дали ДЗР постапил по евентуални барања од Народен правобранител или барања од истражни и правосудни органи по однос на доставување информации за отворени предмети кај наведените институции односно органи а за кои биле побарани податоци од ДЗР;

- Дали е постапено по сите барања на податоци согласно член 25 точка 14 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, односно дека е одговорено по сите барања за податоци од евиденции за извршени ревизии и податоци од електронскиот систем за управување со ревизија до ДКСК од страна на ДЗР;

- Дали се постапува согласно Уредбата за критериумите, начинот на давање и примање на дарови, пријавување на даровите, начинот на доплата за личен дар, како и користењето, чувањето и евиденцијата на стварите што станале државна сопственост по пат на дар („Службен весник на Р.М." број 180/15 и 313/20), и согласно истата се води евиденција за примени дарови во електронска форма. За таа цел во текот на 2021 година ДЗР ќе изготви и достави до сите државни ревизори образец Пријава за примен дар;

- Дали редовно согласно роковите се одвива реализацијата на планот за јавни набавки, постапката на негово донесување и менување и почитувањето на процедурата за секој поединечен вид на јавни набавки во Државниот завод за

ревизија, дали се истакнати жалби по однос на спроведените постапки, дали договорите се реализираат согласно одредбите и сл, и

- Интерни проверки на воспоставениот систем за управување со квалитет (ИСО).

Горенаведените активности, раководниот менаџмент на ДЗР односно Главниот државен ревизор во соработка со Заменикот на главниот државен ревизор, Генералниот секретар ќе ги извршува/ат преку состаноци на стручниот колегиум, технички состаноци со комисии и други тела формирани за извршување на задачите, непосредни состаноци со одговорните лица назначени за извршување на определени должности, за што спрема потребите можат да побараат и непосредно поднесување на докази заради верификација дека се извршени активностите.

## 2.2 Преиспитување на законската регулатива поврзана со државната ревизија а во врска со спречување на корупција и судир на интереси

Потреба од преиспитување на законската регулатива во РСМ поврзана со зајакнување на надлежностите и статусот на ДЗР која е од значење за борбата против корупцијата и спречување на судирот на интереси а особено во делот на правната рамка во Законот за државната ревизија или други посебни закони, треба да претставува континуирана мерка.

При тоа оваа мерка се реализира преку две конкретни активности:

- Преиспитување на измени во регулативата поврзана со државната ревизија а особено Законот за државната ревизија, подзаконските акти, прирачници за поединечни видови ревизија, стратешките документи и интерните акти со кои се уредуваат поодделните процеси итн. Се наметнува потребата од разгледување на потребата од ажурирање/изработка на нов Кодекс за деловна етика и однесување заснован на општо прифатените кодифицирани вредности и принципи на ревизорската професија содржани во Лима декларацијата на водечките упатства за принципите во ревизијата и Кодексот на етика како надополнување и зајакнување на ревизорските стандарди на ИНТОСАИ издадени од страна на Комитетот за ревизорски стандарди на ИНТОСАИ.

Во текот на 2021 година, потребата и опсегот на евентуалните измени во Законот за државна ревизија ќе се реализираат во рамките на процесот на реализација на Твининг проектот „Improvement of external audit and Parliamentary oversight" MK18IPAFI0320.

- Преиспитување на измени во останатата регулатива во РСМ врз основа на разгледување на сите препораки од системска природа дадени од страна на државните ревизори при вршење на државна ревизија согласно Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2021 година.

Оваа активност ќе се врши континуирано во текот на 2021 година преку технички состаноци на раководството на ДЗР со ревизорските сектори односно тимови и следење на состојбата во делот на реализација на овие препораки од субјектите на ревизија.

Со горенаведените активности со кои би се реализирала наведената мерка, ќе се влијае дополнително на зајакнување на независноста на Државниот завод за ревизија, со очекување истата да биде гарантирана со Уставот на РСМ и во согласност со стандардите на Меѓународната организација на врховните ревизорски институции (ИНТОСАИ) и надминување на евентуално нотирани слабости и препораки за нивно надминување согласно Извештајот за напредокот на РСМ од Европската Комисија, извештаи од оценски мисии на релевантни меѓународни организации и сл.

## 2.3 Демонстрирање етика и интегритет во спречувањето на корупцијата и судирот на интереси

Во рамките на соработката со надлежните институции, вработените се должни да ги почитуваат Уставот на РСМ, легислативата на РСМ, ревизорските стандарди на ИНТОСАИ и Кодексот на етика на ИНТОСАИ.

Етичкото однесување е од клучно значење за ДЗР при воспоставувањето на угледот и довербата што мора да ја поттикнат кај засегнатите страни. Етичкиот кодекс обезбедува на ДЗР и на вработените, сет на вредности и принципи врз кои можат да го засноваат своето однесување.

Бидејќи окружувањето на ревизијата на јавниот сектор често се разликува од оној на приватниот сектор, меѓународната заедница на ВРИ има донесено етички кодекс ISSAI 130 - Кодекс на етика кој содржи дополнителни упатства за тоа како ВРИ да ги применуваат овие вредности во нивната секојдневна работа и конкретни ситуации.

Кодексот наложува ревизорите да постапуваат согласно принципите за интегритет, независност, објективност, непристрасност, доверливост и компетентност. Кодексот на етика на ИНТОСАИ е наменет за секој индивидуален ревизор, за Главниот државен ревизор, за извршителите и сите оние кои работат за или во името на ВРИ и се ангажирани во ревизорската работа.

Исто така заради намалување на ризикот од корупција, оваа мерка ДЗР согласно одредбите од Законот за државната ревизија и Кодексот на етика на INTOSSAI во своето работење ќе ја имплементира со следните активности односно дополнителни процеси како што се:

- Изјава за Доверливост односно давање Изјава за доверливост од државните ревизори во поглед на информациите кои се стекнуваат при извршувањето на работните задачи, која се потпишува при вработување во Државниот завод за ревизија;
- Изјава за непостоење судир на интерес во вршење државна ревизија односно давање Изјава за непостоење на судир на интереси од државните ревизори за секоја ревизија, и
- Годишна изјава за придржување кон етичките правила во државната ревизија согласно меѓународните стандарди во спроведувањето на годишната програма за работа на ДЗР за тековната година и доверливост во располагањето со информациите и податоците до кои дошле во контакт при вршењето на ревизијата и изјава дека се потврдува отсуството на судир на интереси при секоја ревизија.

## 2.4 Континуирана дигитализација во вршењето на државната ревизија

Во поглед на дигитализацијата во ДЗР, секторот за ревизија на ИТ системи под мониторинг на раководството на ДЗР ќе врши тековна годишна проверка дали ревизиите планирани со годишната програма за работа на ДЗР за тековната година, се реализираат во согласност со ИТ процедурите за имплементација на систем за управување со процесот на ревизија (AMS) односно дали се обезбедува почитување на:

- Процедурата за безбедност на ИТ системот за управување со процесот на ревизија (AMS);
- Процедурата за заштита на средствата и информациите во системот за управување со процесот на ревизија (AMS);
- Процедурата за контрола на пристап во системот за управување со процесот на ревизија (AMS);
- Процедура за управување со ИТ инциденти во системот за управување со процесот на ревизија (AMS);
- Процедура за оперативно управување и размена на информации во системот за управување со процесот на ревизија (AMS);
- Процедурата за користење на системот за управување со процесот на ревизија (AMS).
- Разгледување на потребата од ажурирање на системот за управување со процесот на ревизија (AMS).

## 2.5 Континуирана отчетност и транспарентност во вршењето државна ревизија и комуникација со медиумите и пошироката јавност

Државниот завод за ревизија, согласно усвоената комуникациска стратегија, воспостави двонасочен модел на комуникациите со клучните целни групи, особено со општата јавност, медиумите и граѓанските организации.

На овој начин предвидено е Државниот завод за ревизија да има отворено постојан дијалог со целните групи со што најсоодветно ќе ја остварува својата мисија на отвореност, транспарентност и отчетност.

Имено, во насока на зголемување на отчетноста, транспарентноста и одговорноста во работењето на Државниот завод за ревизија, извршувањето на државната ревизија и овозможување утврдените состојби содржани во Конечните ревизорски извештаи, ДЗР ќе воспостави систем на постојано ажурирање на засегнатите страни[4] и доставување на информации за објавените Конечни ревизорски извештаи.

Исто така во наредниот период претстојат активности за користење на социјалните мрежи и промовирање на работењето на ДЗР и информирање на јавноста за утврдените состојби со државната ревизија.

Промовирањето на работењето на ДЗР и активностите кои се преземаат од страна на ДЗР се врши континуирано со постојано објавување на информации на веб страната на ДЗР: https://dzr.mk.

Државниот завод за ревизија се стреми кон активно и постојано вклучување на граѓаните во ревизорскиот процес. Новите технологии отвораат можности за општата јавност, медиумите и граѓанските организации да посочуваат на теми и институции за кои е потребно да се направи ревизија и овозможуваат отворање на дијалог со овие јавности. Принципот на интерактивност и учество е во основата на двонасочниот модел на комуникација на ДЗР. За оваа активност ДЗР воспостави пракса започнувајќи со подготвување на Годишната програма за работа на ДЗР за 2021 година сите засегнати страни вклучувајќи ги и граѓаните да доставуваат барање за вклучување на субјекти предмет на ревизија или одредени области за ревизија на успешност. Наведеното барање / образец е поставен на веб страната на Државниот завод за ревизија https://dzr.mk/contact/barane_za_revizija.

[4] Заклучно со месец јуни 2021 година ДЗР има утврдено листа на 300 засегнати страни до кои доставува информации за објавените Конечни ревизорски извештаи и подготвениот апстракт односно соопштение за јавноста.

- Како дополнителна активност во поддршка на горенаведеното за 2021 година е донесување на процедура за прием и објава на материјали и информации на веб страната на ДЗР.

## 2.6 Управување со човечки ресурси во правец на независен и непристрасен процес на вработување, унапредување, едукација на државни ревизори

Со цел остварување на своите надлежности и задачи, ДЗР како врховна ревизорска институција, потребно е да посвети доволно внимание на градење на модерен, ефикасен и функционален систем за управување со човечки ресурси, што подразбира воспоставување на најдобри пракси, а во согласност со Законот за вработени во јавниот сектор, Законот за административни службеници, Колективниот договор на ДЗР и други прописи од областа на човечките ресурси.

Активности во 2021 година со кои ќе се реализира оваа мерка се:

- Реализација на годишниот план за вработување во ДЗР за 2021 година во делот на започнување постапка со објавување јавен оглас за вработување на државни ревизори;
- Реализација на годишниот план за вработување во ДЗР за 2021 година во делот на започнување постапка на интерно унапредување согласно одредбите на Колективниот договор на ниво на ДЗР;
- Едукација на сите нововработени државни ревизори пред започнување со државна ревизија;
- Реализација на Годишниот план за континуирано професионално усовршување и обуки за 2021 година, односно реализирани обуки, семинари, работилници во земјата и во странство;
- Годишно разгледување на реализацијата на 7-те стратешки цели опфатени во Стратегија за управување со човечки ресурси 2020-2023.

## 2.7 Почитување на начелата и принципите утврдени во одредбите на Законот за јавните набавки при доделувањето на договорите за јавни набавки

Државниот завод за ревизија во своето работење освен што согласно методолошките акти и одредбите на Законот за јавни набавки да врши ревизија на начинот на доделување на договорите за јавните набавки кај субјектите предмет на ревизија обезбедува почитување на начелата и принципите утврдени во одредбите на ЗЈН при доделување на ДЈН и следењето на нивната реализација во рамките на Државниот завод за ревизија.

Освен подготвената Програма за ревизија на јавните набавки како методолошки акт кој е во функција на ревизија на ДДЈН кај субјектите предмет на ревизија, Главниот државен ревизор во текот на 2020 година донесе Процедура за начинот и постапката на планирање, спроведување и реализација на јавните набавки во ДЗР, која е јавно објавена и достапна на сите засегнати страни преку следниот линк: https://dzr.mk/sites/default/files/2020-11/JN_Procedura_postapka_planiranje_sproveduvanje_-realizacija_JN_2020.pdf.

Наведената процедура обезбедува воедначен пристап на сите комисии за јавни набавки во рамките на ДЗР. Во процесот на ДДЈН и следење на реализација на договорите за јавни набавки обезбедено е разграничување на надлежностите на вработените.

## 2.8 Почитување на начелата утврдени со Законот за буџетите при извршување на финансискиот план (буџет) за ДЗР и известувањето за неговото извршување

Државниот завод за ревизија во процесот на подготвување, извршување и известување за извршувањето на финансискиот план на ДЗР обезбедува доследно почитување на начелата утврдени во Законот за буџетите, односно:

- Сеопфатност, што подразбира прикажување на сите приходи и други приливи, расходи и други одливи;
- Буџетска рамнотежа, што подразбира вкупните приходи и приливи да ги покриваат одобрените средства со буџетот / финансискиот план;
- Специфичност, што подразбира дека одобрените средства се наменуваат за посебни цели по раздели, програми, потпрограми и ставки;
- Економичност, што подразбира дека одобрените средства ќе се користат навремено, во соодветен износ, имајќи ги предвид квалитетот и цената;
- Ефикасност, што подразбира најдобар сооднос меѓу употребените средства и постигнатите резултати;
- Ефективност, што подразбира остварување на поставените цели и остварување на саканите резултати;
- Транспарентност, што подразбира достапност на јавноста во сите фази на подготвување и извршување на буџетот и
- Сигурно финансиско управување, што подразбира извршување на буџетот/финансискиот план во согласност со ефективна и ефикасна внатрешна контрола како процес што се применува на сите нивоа на управување со финансиските средства.

Во насока на зголемување на транспарентноста, отчетноста и одговорноста во работењето, како и почитување на обврските утврдени согласно одредбите на Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници, за објавување на финансиските извештаи на својата веб страна, ДЗР има воспоставено пракса континуирано да ги објавува финансиските извештаи на истата веб страна и во исто време да ги објавува континуирано ревизорските извештаи за извршената ревизија на финансиските извештаи.
Ревизорскиот извештај за извршената ревизија на финансиските извештаи на ДЗР за 2020 година е достапен на следниот линк: https://dzr.mk/mk/zavrsna-smetka-2020.
Исто така ДЗР обезбедува континуирано постапување согласно одредбите на Законот за слободен пристап на информации од јавен карактер, каде се поместени информациите и податоците кои имаат третман на информации од јавен карактер.
На овој начин се обезбедуваат податоци и информации кои се однесуваат на работењето на ДЗР а може да претставуваа интерес на одредени засегнати страни.

**2.9 Дополнителни контролни механизми за спречување на корупција**

Како дополнителен контролен механизам за спречување на корупција се очекува назначување на одговорно лице задолжено за спречување на корупција кое ќе служи како контакт за вработените во ДЗР и раководството и ќе известува директно до Главниот државен ревизор.

**Временска рамка во кој ќе се имплементираат утврдените активности во Годишниот план: 2021 година;**

**Обврски за постапување:** Утврдените активности во Годишниот план се обврска на постапување на сите вработени во Државниот завод за ревизија во рамките на своите надлежности и одговорности.

**Број: 01-799/1**

**Скопје, 14.07.2021 година**

**Главен државен ревизор**

**м-р Максим Ацевски**

Република Северна Македонија * ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА * Скопје * ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT * Republika e Maqedonisë së Veriut * Shkup